КО

Република Северна Македонија
**Министерство за економија**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Ekonomisë**

Сектор за координација на активностите на министерот
Departamenti i koordinimit të aktiviteteve të ministrit

**Архивски број:** 14-937/2
Скопје, 26 02 21 2021 година

**Предмет:** Одговор на барање

Почитувани

На ден 18.02.2021 година во архивата на Министерството за економија пристигна барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под наш број 14-937/1, пратено до Владата на Република Северна Македонија, Генерален Секретаријат-Сектор за правни работи со допис бр.45-1608/2од 08.02.2021 година, до Управата за јавни приходи Генерална дирекција Скопје препратено е барање за слободен пристап до информации оид јавен карактер заведено со архивски број 02-1015/1 од 10.02.2021 година во кое се бараат следните информации од јавен карактер а кои се во надлежност на Министерството за економија:

Информации за доделена директна финансиска поддршка врз основа на сетовите економски мерки (ваучери за домашен туризам, домашна платежна картичка, директна финансиска поддршка на граѓани со низок доход, ваучери за стеуденти и др.), предвидени од Владата на РСМ според категорија на корисници (граѓани со низок доход, студенти, млади лица од 16-29 години, самохрани родители, деца без родители и уметници и други лица кои вршат дејност во културата), износ на финасисика поддршка, возраст и општина на лицето и дали помошта била искористена од страна на лицето во наведениот временски рок. (Ова се однесува на поддршката која беше дадена во форма на ваучери кои имаат рок на искористување и важност).
Во однос на податоците кои се во надлежност на Министерството за економија а се однесуваат на издадените ваучери за домашен туризам ве информираме за следното:

ваучерите за туризам кои беа издадени, нивниот вкупен број, корисници на ваучерите, колку лица се опфатени со оваа мерка, колку субјекти нуделе вакви услуги, како регистрирани даватели на вакви услуги, колку ваучери се искористени, и колку би било

тоа вредност, значи колку пари се издвоени за оваа намена. Исто така и за идните планови за помош на овој сектор.

По однос на Вашето доставеното Барање ве известуваме дека со проектот ваучери за работници со ниски приходи беа опфатено вкупно 117.351 лица.
Вкупно 565 субјекти нуделе сместување за лица со ваучери, (категоризирани хотели и приватен смештај). Заклучно со 15.12.2020 година искористени се 64.788 ваучери за туризам. Министерството за економија за исплата на овие ваучери има потрошено 388.000.000 денари.
Министерството за економија сите мерки и активности ги планира согласно барањата и во координација со приватниот сектор.
Мерката за издавање на ваучери за туризам даде видливи резултати особено за време на пандемијата каде што успеавме да го промовираме домашниот туризам, но исто така да им помогнеме на хотелските капацитети и туристичко угостителскиот сектор да можат да ги ублажат последиците од пандемијата.

Во 2021 година Министерството за економија ќе продолжи со издавање на ваучери за туризам.

**Со почит,**

Kreshnik Bekteshi
**МИНИСТЕР,**
MINISTËR

Изработил/Përpiloi:Бранкица Ѓорѓиев, Brankica Gjorgjiev
Одобрил/ Aprovoi:Александра Спасевсска, Aleksandra Spasevska
Согласен/Miratoi: Razmena Cekic-Durovic, Размена Чекиќ-Дуровиќ